ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

Друштво за производство на топлинска енергија
ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр. 05-575/2
20.07.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23, став 1, точка 10 од Законот за јавни набавки, Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК Бр. 01- ЕЕ/2026
## за прибирање на понуди за снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Купувач по јавен повик бр. 01-ЕЕ/2026 е ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Тодор Александров" бр.6, Скопје

**1.2. Предметот на набавка е :**
**- Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем, за период од 12 (дванаесет) месеци.**

1.3 Огласот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица регистрирани за ваква дејност и кои ги исполнуваат условите од тендерската документација.

1.4 Отварањето на понудите ќе се изврши со можност за присуство на заинтересирани понудувачи.

### 2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА

2.1 Количините (ориентациони за едногодишна потрошувачка) и мерните места се дадени во техничката спецификација која е прилог на Тендерска документација.

2.2 Не е дозволена делумна понуда.

### 3 СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1 Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2 Понудата се доставува на образецот на понудата даден во тендерската документација, заедно со прилозите согласно тендерската документација.

### 4 ПОДИГАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1 Тендерската документација со прилозите, се доставува на барање на заинтересираните понудувачи, во електронска форма, преку следнава е-маил адреса:
**esm-proizvodstvo@elem.com.mk**

ЕСМ
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

## 5 ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

5.1 Документацијата која понудувачите ја доставуваат, дефинирана е во тендерската документација.

## 6 КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

6.1. Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно следните критериуми:

- Најниска цена ---------------------- 100 бода

## 7. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

7.1 Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса: ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ул.„Тодор Александров“ бр.6, Скопје.

7.2 Понудата се доставува во затворен коверт со назнака “не отворај”, понуда по “Јавен повик за **Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем**“, со повикување на бројот на повикот.

7.3 Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Купувачот.

7.4 Рокот за доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите.

## 8. МЕСТО, ДАТУМ И ЧАС НА ЈАВНОТО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ:

8.1 Јавното отворање на понудите ќе се изврши на ден 24.07.2026 год. во 09:30 часот, во административните простории на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ул.„Тодор Александров“ бр 6, Скопје, со можност за присуство на овластените претставници на понудувачите.

8.2 Претставниците на понудувачите треба да достават писмено овластување за учество на јавното отворање на понудите.

## 9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9.1 Секој понудувач може да учествува само со една понуда, што подразбира и неможност за давање на алтернативи во понудата.

9.2 Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Јавниот повик, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Јавниот повик, нема да се разгледуваат.

**Комисија за јавни набавки**

Ул.“Тодор Александров” бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk